ССОУ „Димитрија Чуповски“
Велес

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работа на училиштето

2024 -2025

**Содржина**


2.Лична карта на училиштето

3.Организација на животот и работата во училиштето

3.1. Раководители на паралелки во учебната 2024/2025 година

3.2. Стручно педагошка екипираност на училиштето со кадар

3.3. Планирање и програмирање на наставата

3.4. Превземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа

3.5. Преглед на учениците при запишување во I година во учебната 2024/2025 година

3.6. Преглед на ученици и паралелки по струки на крајот на наставната 2024/2025 година

3.7. Преглед на стручен кадар

- наставен кадар

- стручен кадар

- раководен кадар

- други вработени

4. Настава – видови настава

4.1. Реализација на воспитно – образовната работа во училиштето

- редовна настава

- практична настава

- феријална пракса

- консултативна настава

- слободни часови

- изборна настава

- дополнителна настава

- додатна настава

4.2. Примена на наставни техники на учење и подучување

5. Развоен план и приоритети на развојниот план за 2024/2025 година

5.1. Задачи , активности и реализација од развојниот план

6. Преглед на планирани и реализирани часови по предмети

7. Преглед на освоени места по натпревари во 2024/2025 година

8. Преглед на општиот успех на учениците на крајот на наставната 2024/2025 година

9. Преглед на успехот на крајот на учебната 2024/2025 година

10. Преглед на изостаноци и поведение на учениците

11. Методи и техники на оценување и вреднување на учениците

12. Дополнителна и додатна настава

13. Учество во организирани манифестации

14. Воннаставни активности

15. Семинари и обуки на наставници

16. Мисија и визија

17. Подрачја на промени и приоритети

- цели на училиштето

## Воведен дел

Училиштето „Димитрија Чуповски” своите почетоци ги бележи како отсек во рамките на средното училиште „Здравко Цветковски“ од Скопје во 1946 год. Во овој период веднаш по ослободувањето кога земјата се повеќе се развиваше на полето на индустријата и технологијата се јави потреба од соодветен кадар. Токму затоа, за првпат ќе се отвори хемиско-технолошката струка. Школувањето на почетокот траело три, а од учебната 1950/1951 година четири години. Во рамките на струката се подготвувале кадри за потребите на хемиската индустрија, па како што таа се развивала така се повеќе се разгранувала и разновидноста на потребите од кадар. Почетоците секако дека биле тешки затоа што во работата биле вклучени само неколку технолози, хемичари и техничари, бидејќи бројот на образовани луѓе по ослободувањето бил значително мал. Но ова не било пречка првата генерација успешно да се вклучи во индустријата и стопанството. Во следните генерации поголем акцент се става на зголемувањето на часовите за практична работа, а исто така се воведуваат и нови предмети кои се карактеристични за профилот хемиски техничар.

Во почетокот на 50-тите години Велес постепено прераснува во индустриски центар со фабрики во кои потребен е голем број профили од хемиско-технолошката струка. Затоа, на седница на Народниот одбор на Велес, на 02.07.1956 година донесено е решение за основање на Хемиско училиште со индустриска паралелка и практична обука. Ова училиште започнало со работа од 01.09.1956 година под името „Борис Кидрич“. Според потребите и растот на индустријата се зголемил и бројот на ученици. Во училиштето стекнуваат образование и ученици од различни делови на Македонија. Поради тоа, во истата зграда во центарот на градот бил отворен и интернат за овие ученици. Подоцна интернатот е преселен во посебна зграда и започнал да работи одделно.

Како што се проширувала индустријата и како што Велес прераснувал во индустриски центар се отворале и нови профили за потребите на индустријата во општината, кадар кој веднаш по завршувањето на образованието директно ќе се вклучи во производството. Во овој период се отвара профилот металуршки техничар, а подоцна и кадар за потребите и на текстилната индустрија.

Во учебната 1993/94 година со решение на Министерството за образование и физичка култура училиштето се преименува и го добива името на познатиот македонски деец и борец за слобода, Димитрија Чуповски. Од учебната 2000/2001 година во училиштето

беше отворена уште една нова струка, здравствена, со образовен профил  фармацевтски техничар, а во следните години и профилите медицинска сестра, физиотерапевтски техничар и медицинско-лабораториски техничар.

Денес средното стручно училиште „Димитрија Чуповски“ е најстарото училиште во кое се изучува хемиско-технолошката струка и најстарото средно стручно училиште од формалното образование во општина Велес. Неговата работа е во постојана корелација со локалната средина, бизнис секторот и агенцијата за вработување, со што се креира уписната политика на училиштето за секоја учебна година. Училиштето постојано врши опремување и осовременување на лабараториите, кабинетите и просториите во кои се изведува настава, организира семинари и обуки за усовршување на наставниот кадар. Сето ова е со цел да се подобри квалитетот на наставата и воедно и наставниот процес.

Во својата 65-годишна работа во воспитно-образовната дејност наставниот кадар максимално се ангажира во создавањето на целосно оформени личности способни да одговорат на барањата на понатамошното образование на високошколските институции, како и во вклучувањето во производствениот процес  во бизнис секторот.

1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

Име на училиштето: ССОУ„Димитрија Чуповски“

Адреса на училиштето: ул. „Благој Ѓорев“ бр.40 Велес

e-mail: dimitrijacupovski_ve@yahoo.com

dimitrijachupovski@gmail.com

телефон : 043/619-631




Училиштето ги има следните граници и мери:

-од исток можност за пристап на ул. „Благој Ѓорев“

-од запад со два прелома 165 м и 118 м на ул. „Наум Наумовски Борче“

Реализацијата на воспитно – образовната работа се темели на реализација на наставните планови и програми.

Според календарот за организација на наставата во средните училишта учебната година започна на 02.09.2024 година, и заврши на 31.08.2025 година. Наставната година ја сочинуваа две полугодија, првото започна на 02.09.2024 година и заврши на 30.12.2024 година, а второто започна на 20.01.2025 година и заврши на 10.06.2025 година, освен за учениците од завршните години за кои редовната настава заврши на 16.05.2025 година. Зимскиот одмор започна на 31.12.2024 година и заврши на 19.01.2025 година. Летниот одмор започна на 11.06.2025 и заврши на 31.08.2025 година,.

Наставата во учебната 2024/2025 година, за сите ученици се реализираше согласно модуларните наставни планови и програми за средно стручно образование. Во реализацијата на наставата покрај употребата на наставните планови и програми кои се потпираат врз Законот за средно образование се реализира и годишната програма за работа на училиштето. Во текот на учебната година се реализираа 166 работни, односно наставни денови за учениците од завршните години и 180 работни-наставни денови за учениците од прва до трета година.

Наставата се изведуваше на македонски јазик во две смени, со почеток во 7:15 часот претпладне, односно 13:30 часот попладне. Учениците беа организирани во 23 паралелки од прва до четврта година во постоечките струки. Наставниот час траеше 45 минути, а часот по практична настава по правило трае 60 минути, по секој час има одмор од по 5 мин со исклучок на големиот одмор (после вториот час претпладне и после третиот час попладне) кој трае по 20 минути. Во текот на првото полугодие немаше прекини на наставата.

Оваа година во училиштето се образуваа кадри од следниве сектори:

-Здравство и социјална заштита со четиригодишно траење

-Хемија и технологија со четиригодишно и тригодишно траење

-Лични услуги со четиригодишно траење

**Раководители на паралелките во учебната 2024/2025 година**

| паралелка | Класен раководител | Број на ученици | Образовен профил |
|---|---|---|---|
| 1/1 | Мимоза Јовиќ | 23 | фармацевтски техничар / медицински лабораториско-санитарен техничар |
| 1/2 | Билјана В.Бојчев | 28 | медицинска сестра |
| 1/3 | Љубе Јовановски | 14 | Физиотерапевтски техничар / гинеколошко-акушерска сестра |
| 1/4 | Емилија Дикова | 27 | техничар за козметичка нега и убавина |
| 1/5 | Драгана Јованова | 19 | техничар за заштита на животна средина / хемиски лабораториски техничар |
| 1/6 | Сандра Стојчиќ | 14 | пекар |
| 2/1 | Силвана Карагирова | 25 | Фармацевтски техничар |
| 2/2 | Методи Јованов | 34 | медицинска сестра |
| 2/3 | Љубинка Ртоска | 19 | физиотерапевтски техничар / гинеколошко-акушерска сестра |
| 2/4 | Ирена Карова | 27 | техничар за козметичка нега и убавина |
| 2/5 | Руска Мицева | 19 | техничар за заштита на животна средина / хемиски лабораториски техничар |
| 2/6 | Селма П.Амедоска | 11 | месопреработувач / пекар |
| 3/1 | Билјана Г.Николова | 23 | фармацевтски техничар |
| 3/2 | Весна Смилевск | 27 | медицинска сестра |
| 3/3 | Најдова Емилија | 20 | Физиотерапевтски техничар / гинеколошко-акушерска сестра / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | медицински лабораториско-санитарен техничар |
| 3/4 | Елеонора Игновска | 20 | техничар за козметичка нега и убавина |
| 3/5 | Марина Крстиќ | 13 | техничар за заштита на животна средина |
| 3/6 | Мартин Ефремов | 6 | пекар |
| 4/1 | Верица Ј.Николова | 24 | фармацевтски техничар |
| 4/2 | Цветанка Иванова | 32 | медицинска сестра |
| 4/3 | Валентина Јовева | 26 | Физиотерапевтски техничар / гинеколошко-акушерска сестра / медицински лабораториско-санитарен техничар |
| 4/4 | Надица Теова | 13 | техничар за козметичка нега и убавина |
| 4/5 | Билјана Штипјанова | 16 | техничар за заштита на животна средина |

**Стручно - педагошка екипираност на училиштето со кадар**

Во училиштето во текот на наставната година беа ангажирани 49 наставници групирани во четири стручни активи:

- Општо – образовен актив
- Природно-математички актив
- Хемиско – здравствен актив
- Технолошко - металуршки актив

Во стручната служба беше ангажиран педагогот на училиштето додека административната работа во училиштето ја врши едно постојано вработено лице секретар-благајник и еден книговодител.

**Планирање и програмирање на наставата**

Со цел успешна реализација на наставата во учебната 2024/2025 година на почетокот на учебната година беше изработена Годишна програма за работата на училиштето со која се планирани обемот и распоредот на активностите што произлегуваат од наставниот план и програмите како и развојниот план на училиштето. По распределувањето на часови по наставни предмети наставниот кадар изработи годишни и тематски планирања. Распоредот на часови за редовна, додатна и дополнителна настава и распоредот на дежурства на наставници беа изработени во втората половина на август и истите беа уредно објавени на огласна табла, со што се обезбедија основни услови за работа.

Реализацијата на наставните планови и програми се потпираа врз Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование, Развојниот план на училиштето за период од 2021-2025 година, Годишната програма за работа за учебната 2024/2025 год. бр. 03-393/6 од 29.08.2024 година и Календарот за организација на работата во јавните средни училишта во Р.С. Македонија, август 2024 год.

Посебно важна задача од областа на планирањето на нагледноста на часот е користење на нагледни средства како и примената на ИКТ и иновации за поквалитетна настава. За реализација на задачите максимално се користеа постоечките нагледни средства, а по одделни предмети самите ученици изработуваа соодветни нагледни средства: слики, шеми модели, оригами, презентации и др.

Наставниот кадар подготви годишни и тематски планирања за сопствениот наставен предмет. По завршената анализа се премина кон обезбедување на нагледни средства и обезбедување на потребни материјали, во зависност од потребите за соодветната струка. Се склучија договори со претпријатија за изведување на практична настава и учење преку работа кај работодавач во реални услови во зависност од струката. Извршени се систематски општи и стоматолошки прегледи за учениците, а за наставниците извршени се санитарни прегледи. Слободните ученички активности се реализираа според план и програма изготвени на почетокот на годината.

**Преземени активности во текот на годината за подобрување на услови за работа:**

- Спроведени хигиено-техничките активности за работа во училиштето: белење и генерално чистење;
- Набавени се потребни хемикалии, стакларија, извршена е поправка на апарати и ваги и сл. за непречено изведување на практичната настава и вежбите во лабараторија.
- Извршени се систематски прегледи на учениците од 1 и 4 година.
- Склучени се договори за изведување на практичната настава и учење преку работа кај работодавач со установите и компаниите каде таа се изведува во зависност од струката .
- Набавени се потребните средства за дезинфекција и одржување на училиштето.
- Извршени се систематски и санитарни прегледи за наставниците.
- Набавени се нови нагледни средства за успешна реализација на практичната и теоретската настава.

**Струки и профили**

Во учебната 2024/25 год наставата ја следеа 95 машки и 389 женски или вкупно 484 ученика распоредени во 23 паралелки во следните сектори:

| СТРУКИ | БРОЈНА СОСТОЈБА | | |
|---|---|---|---|
| | М | Ж | ВК |
| **ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | 40 | 256 | 296 |
| **ЛИЧНИ УСЛУГИ** | 0 | 87 | 87 |
| **ХЕМИЈА И ТЕХНОЛОГИЈА** | 55 | 46 | 101 |
| **ВКУПНО** | 95 | 389 | 484 |

**Преглед на учениците при запишувањето во прва година во учебната 2024/25 година**

| Ре, број | Сектор | Време Траење на образова. | Успех од основното училиште | | | | Повтор. | Вкуп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одлич. | Мн.доб | Добар | Дово. | | |
| 1 | Хемија и технологија | Четиригодишно | 3 | 11 | 7 | / | 1 | 22 |
| 2 | Хемија и технологија | тригодишно | 0 | 2 | 12 | 2 | 1 | 17 |
| 3 | Лични услуги | Четиригодишно. | 0 | 20 | 10 | 0 | 0 | 30 |
| 4 | Здравство и социјална заштита | Четиригодишно | 61 | 4 | 0 | 0 | 0 | 65 |
| 5 | Здравство и социјална заштита | тригодишно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | | 64 | 37 | 29 | 2 | 2 | 134 |

**Преглед на учениците и паралелките по сектори на крајот од наставната 2024/2025година**

| Ре, Број | Струка | I– година | | | | II- година | | | | III- година | | | | IV-год | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со 3 год | | со 4 год | | со 3 год | | со 4 год | | со 3 год | | со 4 год | | | |
| | | пар | уче | пар | уче | пар | уче | пар | Уч | пар | уче | Пар | уче | Пар | уче |
| 1 | Хемија и технологија | 1 | 14 | 1 | 19 | 1 | 11 | 1 | 19 | 1 | 6 | 1 | 13 | 1 | 16 |
| 2 | Здравство и социјална заштита | 0 | 0 | 3 | 65 | 0 | 0 | 3 | 78 | 0 | 0 | 3 | 70 | 3 | 82 |
| 4 | Лични услуги | 0 | 0 | 1 | 27 | 0 | 0 | 1 | 27 | 0 | 0 | 1 | 20 | 1 | 13 |
| | Вкупно | 1 | 14 | 5 | 111 | 1 | 11 | 5 | 124 | 1 | 6 | 5 | 103 | 5 | 111 |

**Наставен кадар** Табела бр. 3

| Наставен јазик | Степенот на стручна оспособеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Д-р. | М-р | VII-1 | VI | IV |
| **Македонски** | / | 3 | 43 | / | / |
| **Вкупно** | | 3 | 43 | | / |

**Преглед на стручен кадар**

| Профил | Степенот на стручна оспособеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Д-р. | М-р | VII-1 | VI | IV |
| Педагог | | | 1 | | / |
| психолог | / | / | / | / | / |
| социолог | / | / | / | / | / |
| Секретар-благајник | / | | 1 | / | / |
| Библиотекар | / | / | 0,5 | / | / |
| Стручни соработници | / | / | / | / | 3 |
| Вкупно | / | / | 2,5 | / | 3 |

## Раководен кадар

| Функција | Завршено образование | | | Работен стаж (Години) | Раб. искус. на оваа раб. обврска |
|---|---|---|---|---|---|
| Директор | Д-р | М-р | VII | | |
| | / | / | 1 | 17 | 5 години |
| Помош. директор | / | / | / | / | / |

## Други вработени

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Технички персонал | 3 | | | | | | |
| На определено вр. | / | | | | | | |

## 1. Настава - видови настава

Наставата во учебната 2024/2025 година за сите ученици се реализираше согласно модуларните наставни планови и програми за средно стручно образование. Во реализацијата на наставата покрај употребата на наставните планови и програми кои се потпираат врз Законот за средно образование се реализираше и годишната програма за работа на училиштето.

### 1.1.Реализација на воспитно-образовната работа во училиштето

Неделната ангажираност на наставниците беше во рамките на неделниот фонд на задолжителна настава утврдена со закон. Врз основа на анализата на стручните активи, програмата и наставните содржини по сите предмети се реализирани во целост. Неделната ангажираност на наставниците е во рамките на неделниот фонд на задолжителна настава утврдена со наставниот план и се движи од 20-23 часа, вклучувајќи го и часот на раководител на паралелката.

Според планот за реализација на практичната настава се реализира во специјализирани кабинети во училиштето и во претпријатијата со кои училиштето има склучено меморандуми за соработка додека учење преку работа се реализираше кај работодавач во релни услови каде што учениците имаат можност во реални услови да работат и да се подготват за пазарот на трудот. Наставата за учење преку работа се реализираше во фирмите со кои покрај договорот со училиштето се склучија и договори за секој ученик посебно. За изведување на практичната настава и УПР по одделни струки склучени се договори со установите и компаниите каде таа се изведува: ЈЗУ Општа болница – Велес, Здравствен Дом- Велес, козметички салони низ градот, АГРИА-Велес, пекара ВИГ,пекара Палма, ЈКП Дервен, аптеки и други погони за производство. Наставата ги опфаќа сите посебни видови на заеднички активности на учениците и наставниците во совладување на воспитно-образовните содржини:

| - Редовна -задолжителна | |
|---|---|
| -практична настава | -додатна настава |
| -професионална пракса | -Факултативна настава |
| -феријална пракса | -Изборна настава |
| -консултативна настава | - УПР |
| -дополнителна настава | |

1) **Редовната настава** во ССОУ ,,Димитрија Чуповски" се реализираше според календарот за работа од Министерството за образование и наука на македонски јазик. Задолжителната настава е огранизирана по паралелки од прва до четврта година во рамките на постоечките струки:

   -Здравство и социјална заштита со четиригодишно траење

   -Хемија и технологија со четиригодишно и тригодишно траење

   -Лични услуги со четиригодишно траење

**2) Практична настава и Учење преку работа во текот на учебната 2024/2025 година по сектори:**

Практичната настава се реализираше во посебно опремени кабинети  и лабараторији во училиштето . Дел од практичната настава се реализираше во здравствените установи во градот во компании и институции во зависност од струката. Училиштето со овие институции и компании има склучено договори за реализација на практичната настава под раководство на стручниот кадар од нашето училиште.  Учениците кои реализираат учење преку работа тоа го прават во соодветни установи и компании во општината со кои училиштето има потпишано меморандум за работа и за секој ученик има склучено посебен договор.

| 1. Хемиско-технолошката струка | Број на часови | Место на изведување |
|---|---|---|
| - техничар за заштита на животна средина | 4+8+10 (УПР) | ЈКП –Дервен, АД Кожара „Димко Митрев“ |
| - хемиски лабораториски техничар | 4 (УПР) | Лаборатории, центар за јавно здравје, ЈКП Дервен |
| - месопреработувач | 14 (ПН) | Месна индустрија - Агриа |
| - пекар | 6+14+16 (ПН) | Пекара „ВИГ“, Палма промет Палма-Пепи, Пекара Ќоше, бурекџилница Цеце, Златни класја, пекара Ана и фурна Гемиџии |
| 2. Здравствена струка | | |
| - фармацевтски техничар | 4+4+6 (УПР) | Лабораторија-училиште<br>Приватни аптеки во градот |
| - медицинска сестра | 4+6 (УПР) | ЈЗУ-Општа болница –Велес, ЈЗУ ЗДравствен дом. Детска градинка |
| - физиотерапевтски техничар | 4+6 (УПР) | ЈЗУ-Општа болница -Велес |
| - гинеколошко-акушерска сестра | 4+6 (УПР) | ЈЗУ-Општа болница –Велес, приватни ординации |
| - медицински лабораториско-санитарен техничар | 4+4+6 (УПР) | ЈЗУ-Општа болница -Велес<br>Центар за јавно здравје |
| 3. Лични услуги | | |
| - Техничар за козметичка нега и убавина | 4+6 (УПР) | Училишен козметички салон<br>Козметички салони – Велес |

**3. Феријална пракса:**

Феријалната пракса е задолжителна за учениците и е услов за запишување во наредната учебна година. Според наставниот план и програма се реализираше во летниот период до 20 работни денови. За таа цел училиштето склучува меморандуми за соработка со претпријатија во кои се реализира овој вид на настава. Учениците кои се од други општини овој вид на пракса го реализираат во општините од кои што доаѓаат со претходно потпишан договор за соработка. Учениците кои од оправдани причини не можат да реализират феријална пракса во летниот период условно се запишуваат во наредната учебна година и феријалната пракса треба да ја реализираат на почетокот од учебната година.

**4. Учење преку работа**

Учењето преку работа (УПР) е процес на учење што се случува кога учениците вршат реална работа во реална работна средина. Оваа работа во процесот на учење води до генерирање реални стоки и услуги и може да биде платена или неплатена. Учењето преку работа претставува практична обука на работно место во компанија, занаетчиска работилница и други објекти, која им нуди на учениците стекнување работно искуство во реални услови. Тоа им овозможува знаењето и вештините што се стекнати во училиште да ги поврзат со светот на трудот и идните кариерни можности. Комбинацијата од работа на работно место и стекнувањето на општи и стручнотеоретските знаења во училиштата се задолжителен дел од стручното образование за стекнување образовни квалификации. Учењето преку работа им помага на учениците полесно и побрзо да се вклучат во работниот процес и да ги преземаат одговорностите кои произлегуваат од него.

**5). Консултативна настава:**

Ваков тип на настава се одржуваше со ученици кои од различни причини се запишале како вонредни ученици да изучуваат една од постоечките сектори. Одговорните наставници (претежно предметите со вежби и практична настава) ги прифаќаа овие ученици и работат со нив според планови и програми од соодветниот образовен профил. Овој вид на настава се реализираше и со учениците кои имаат слаб успех и се упатени на поправен испит.

**6). Содржини програмирани од училиштето ( во тек на учебната година)**

Овие часови се реализираат според препораките на Центарот за стручно образование и обука на Р.С. Македонија за сите струки и образовни профили. Учениците во рамките на програмите за слободни часови изработуваат проекти кои имаат за цел проширување и продлабочување на своите знаења, умеења и вештини од соодветна област и теми. Слободните часови се основа за подготовка на проектна задача од матурските испити. Слободните часови се реализираа во следниве области: Светско наследство во рацете на младите, Планирање на кариера, Подготовка за вработување и работа, Ученички компании-Претприемачка практика за млади, Учење на работно место, а наставните содржини во интерес на струката се задолжителни и влегуваат во распоредот на училиштето.

**7.Изборна настава** се реализираше со учениците по предмети во зависност од секторот и потребата за полагање на државна матура и завршен испит. Изборот на предмети кои ги следат во текот на годината го прават учениците со потпис и изјава од родител.

**8. Дополнителна настава**

Дополнителната настава се организираше во училиштето за сите сектори и квалификации согласно потребите на учениците. Оваа настава е наменета за ученици кои од различни причини заостануваат или имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, за учениците кои подолг период изостануваат од наставата по соодветен наставен предмет како и по барање на учениците и родителите. Изготвен е и распоред за дополнителна настава и објавен е на огласна табла на почетокот на учебната година.

**Примена на наставните техники на учење и подучување**

Во реализацијата на наставата наставниците употребуваа најразлични форми и методи. Наставата се реализираше интерактивно со што се овозможи активно вклучување на учениците во реализација на наставата и усвојувањето на знаењата. Учениците работеа индивидуално, групно и во парови изработуваа сопствени презентации кои потоа фронтално беа презентирани пред целата паралелка. Исто така се користеше и дебатата, демонстарација, илустрација, а беа употребувани и наставни средства од кои најчесто се аудитивно-визуелните средства, но и аудитивните во наставата по македонски и странски јазик.

5. Приоритети од развојниот план за 2024/2025 година

| Приоритетни цели | Развојни цели |
|---|---|
| 1.Наставни планови и програми | Цел 1. Поголема соработка со локалната заедница, особено бизнис секторот  поради подобрување и успешна реализација на практичната настава.<br><br>Цел 2: Опремување на сите училници со помагала за користење на ИКТ во наставата. |
| 3. Учење и настава | Цел 1: Зголемување на учеството на проекти надвор од училиштето.<br><br>Цел: 2 Користење на разновидни форми и методи на работа прилагодени на можностите и потребите на учениците. |
| 4. Поддршка на учениците | Цел 1: Зајакнување на соработката со сите институции одговорни за грижа и здравје на учениците. Активирање на наставниците од здравствените струки во организирање на едукативни работилници за учениците од училиштето. |
| 5. Училишна клима | Цел 1: Подигнување на рејтингот и афирмација на училиштето во локалната заедница и другите општини во регионот на највисоко ниво со вклучување на сите вработени и сите ученици.<br>Цел 2: Редовно потхранување на веб страната, фејсбук и инстаграм профилите на училиштето со најнови информации за активностите во училиштето и постигнувањата на учениците. |
| 6. Ресурси | Цел 1: Осовременување на училниците, лабораториите и кабинетите каде се реализира наставата  и практичната настава и нивно опремување со нагледни средства кои ќе ги поттикнуваат  учениците и ќе го зголемат нивниот интерес за учење. |
| 7. Управување раководење и креирање политика | Цел 1: Подобрување на мотивацијата на вработените на професионален однос кон работата.<br>Цел 2: Транспарентност на финансиското работење и континуирано информирање на наставничкиот совет. |

## 5.1 Задачи и активности

| Поставени задачи и активности 2024/25 год. | | |
|---|---|---|
| **Приоритет 1. Наставни планови и програми** | | |
| **Цел 1. Поголема соработка со локалната заедница, особено бизнис секторот  поради подобрување и успешна реализација на практичната настава.** | | |
| **ЗАДАЧА** | **АКТИВНОСТИ** | **РЕАЛИЗАЦИЈА** |
| 1.Детектирање на компании за реализација на учење преку работа и феријална пракса. | 1.Потпишување на договори за соработка на училиштето и претпријатието. | На почетокот на учебната година направена е анализа на постоечките компании и компаниите во градот и околината каде што учениците би можеле да реслизират УПР и феријална пракса. Со поголемиот дел од нив училиштето веќе соработува во последниве години така што се обновија меморандумите за соработка, а онаму каде што имаше потреба се потпишаа нови меморандуми. |
| **Цел 2: Опремување на сите училници со помагала за користење на ИКТ во наставата.** | | |
| **ЗАДАЧА** | **АКТИВНОСТИ** | **РЕАЛИЗАЦИЈА** |
| 1.Анализа за постоечката состојба и утврдување на потребите. | 1.Изработка на листа со приоритети<br>2. Набавка на потребните помагала | На почетокот од учебната година наставниците на ниво на активи нсправија листи со потребните наставни средства и материјали за работа. Училиштето ги набави неопходните материјали за непречено одвивање на наставата, додека во текот на наставната година се обезбедуваа дополнителни материјали кои беа потребни за воннаставни активности на учениците како и за непречено одвивање на наставата. |

| Априоритет 3 .Учење и Настава | | |
|---|---|---|
| **Цел 1: Зголемување на учеството на проекти надвор од училиштето.** | | |
| **ЗАДАЧА** | **АКТИВНОСТИ** | **РЕАЛИЗАЦИЈА** |
| 1.Изработка на проекти | 1. Формирање на тимови за работа на проекти<br>2. Собирање на информации и повици за аплицирање на проекти<br>3. Подготовка и аплицирање | Во училиштето веќе има формирано тимови кои учествуваат во проекти веќе неколку години. Наставниците кои земаат учество во овие тимови подготвуваат и аплицираат на повеќе проекти и заедно со ученици од училиштето учествуваат во истите. Проектите во кои учествувало училиштето наведени се подоле во извештајот. |
| | | |
| **Цел: 2 Користење на разновидни форми и методи на работа прилагодени на можностите и потребите на учениците.** | | |
| **ЗАДАЧА** | **АКТИВНОСТИ** | **РЕАЛИЗАЦИЈА** |
| 1.Прилагодување на формите и методите на работа во зависност од можностите на учениците во паралелката | 1.Детектирање на потребите и можностите на учениците.<br>2. Вметнување и примена на разновидни форми и методи во оперативните планирања. | Наставниците ја реализираа наставата во соглссност со потебите и можностите на учениците. За таа цел тие употребуваа најразлични и соодветни форми и методи на настава со кои воедно и ги мотивираа учениците активно да се вклучуваат и да го дадат својот максимум. Се применува и ИКТ во наставта каде што активно се вклучени учениците преку примена на интернет и изработка на презентации како и видео прикази со што на им се овозможува визуелено објаснување на некои процеси и постапки во зависност од наставниот предмет и тема. Сите методи, форми и средства кои се употребуваат наставниците уредно ги планираат во своите тематски планирања како и во оперативните планови за работа на час. |
| | | |

| Приоритет 4. Поддршка на учениците | | |
|---|---|---|
| **Цел 1: Зајакнување на соработката со сите институции одговорни за грижа и здравје на учениците. Активирање на наставниците од здравствените струки во организирање на едукативни работилници за учениците од училиштето.** | | |
| **ЗАДАЧА** | **АКТИВНОСТИ** | **РЕАЛИЗАЦИЈА** |
| Соработка со институциите одговорни за грижа и здравје на учениците. | Реализирање на предавања во соработка со Центар за јавно здравје, Црвен крст и други ораганизации од оваа дејност | Оваа учебна година училиштето имаше успешна соработка со УЈП кои реализаираа обука на тема Даночна едукаија, МВР со реализација на обуки и работилници за Насилство, Трговија со луѓе како и Наркотични средства, соработката со Црвен крст -Велес успешно се реализира повеќе години преку реализација на крводарителски акции и повеќе работилници и прдавања преку врсничка едукација. |
| | | |
| **Приоритет 5. Училишна клима** | | |
| **Цел 1: Подигнување на рејтингот и афирмација на училиштето во локалната заедница и другите општини во регионот на највисоко ниво со вклучување на сите вработени и сите ученици.** | | |
| **ЗАДАЧА** | **АКТИВНОСТИ** | **РЕАЛИЗАЦИЈА** |
| 1.Континуирано промовирање на училиштето | 1.Изработка на флаери за промоција на училиштето<br>2.Ажурирање на податоците на веб страната на училиштето и социјалните мрежи<br>3. Формирање на тимови од училиштето за промиција<br>4. Промоција на училиштето во општината и останатите општини<br>5. Промоција на училиштето преку локалните медиуми. | Во Месец Мај училиштето изготви флаери со постоечките сектори и информации за упис на нови ученици кои беа поделени на родителите и учениците од деветто одделение. На веб страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за сето она што се работи во училиштето- натпревари, воннаставни активности, проекти соработка со општината како и информации за секторите кои се реализираат во нашето училиште. Оваа учебна година се формираа и тимови од наставници кои го промвираа училиштето во другите општини во околината, а беше изработен и рекламен спот на училиштето кој се објави на социјалните мрежи, веб страната и истиот беше споделуван од учениците и вработените. |
| **Цел 2**: **Редовно потхранување на веб страната, фејсбук и инстаграм профилите на училиштето со најнови информации за активностите во училиштето и постигнувањата на учениците.** | | |

| ЗАДАЧА | АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| Постојано ажурирање на податоците на социјалните мрежи. | 1.Доставување на сите информации и настани до лицето одговорно за водење на хроника на настани<br>2. Доставување на информациите до администраторите на социјалните мрежи. | Училиштето има одговорни наставници кои во текот на учебната година постојано ги објавуваа сите активности на учениците и наставниците на социјалните мрежи со што имаат удел во промоцијата на училиштето преку прикажување на сето она што училиштето го работеше во текот на учебната година. Инстаграм и ФБ страната на средношколската заедница се ажурираше од одговорните ученици кои имаа пристап до овие платформи и успешно објавуваа и споделуваа настани натпревари активности реализирани во училиштето и проекти. Исто така активно работи и се ажурира и веб страната на училиштето каде може да се најдат сите информации за училиштето и неговата работа и успеси. |

**Приоритет 6. Ресурси**

Цел 1: **Осовременување на училниците, лабораториите и кабинетите каде се реализира наставата и практичната настава и нивно опремување со нагледни средства кои ќе ги поттикнуваат учениците и ќе го зголемат нивниот интерес за учење.**

| ЗАДАЧА | АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| 1.Доопремување на училишните простории и останатите кабинети по практична настава. | 1.Анализа на потребите.<br>2. Набавка на потребни материјали , средства и инвентар | На почетокот на учебната година направена е анализа и набавени се потребните хемикалии и материјали за работа на учениците во лабараториите, кабинетот по нега и козметичкиот салон. По потреба потребните материјали се набавуваа и во текот на целата учебна година. Покрај материјали за реализација на наставата се набавуваа и материјали за реализација на воннаставни активности. |

| Приоротет 7 Управување раководење и креирање политика | | |
|---|---|---|
| **Цел 1: Подобрување на мотивацијата на вработените на професионален однос кон работата.** | | |
| **ЗАДАЧА** | **АКТИВНОСТИ** | **РЕАЛИЗАЦИЈА** |
| Обезбедување на подобри услови за работа | 1.Опремување на училниците со современи наставни средстава и помагала<br>2. Рамноправен однос кон сите вработени и меѓусебно почитување | Директорот на училиштето во текот на целата учебна година ги обезбедува сите постребни средства наставни помагала и материјали кои им се потребни на вработените во реализација на рааботата со што допринесува за нивна мотивација и успешна реализација на наставата. Исто така вработените поминаа и повеќе обуки на кои го надополнија своето знаење и го применуваа во реализација на наставата.<br>Односот кон сите вработени е ист и сите имаат еднакви можности да учествуваат во проекти, активности, обуки и натпревари во рамките на училиштето. Мислењето и сугестијата на секој од вработените секогаш се има во предвид преку дискусии и донесување одлуки на Наставнички совет. |
| **Цел 2: Транспарентност на финансиското работење и континуирано информирање на наставничкиот совет.** | | |
| **ЗАДАЧА** | **АКТИВНОСТИ** | **РЕАЛИЗАЦИЈА** |
| Информирање на наставничкиот совет за финансиското работење | 1.Консултирање и информирање и донесување одлуки на наставнички совет | Вработените во училиштето преку Наставничкиот совет редовно се информираа и консултираа при донесување на одлуки за финансиското работење на училиштето. |

**ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ПО ПРЕДМЕТИ ЗА ПРВА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2024-2025**

| | НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ | ПЛАНИРАНИ | РЕАЛИЗИРАНИ | % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски јазик и литература | 648 | 637 | 98 |
| 2 | Англиски јазик | 432 | 418 | 96 |
| 3 | Информатика | 432 | 420 | 97 |
| 4 | Историја | 432 | 443 | 100 |
| 5 | Спорт и спортски активности | 432 | 424 | 98 |
| 6 | Музичка култура | 216 | 228 | 100 |
| 7 | Ликовна уметност | 216 | 216 | 100 |
| 8 | Биологија | 432 | 418 | 97 |
| 9 | Хемија | 576 | 574 | 100 |
| 10 | Физика | 288 | 292 | 100 |
| 11 | Математика | 504 | 498 | 98 |
| 12 | Латински јазик | 216 | 216 | 100 |
| 13 | Козметика | 108 | 105 | 97 |
| 14 | Суровини, производство и амбалажа | 108 | 104 | 96 |
| 15 | Систем на здравствена заштита | 108 | 108 | 100 |
| 16 | Материјали во козметиката | 72 | 72 | 100 |
| 17 | Технологија на пекарски производи | 72 | 71 | 99 |
| 18 | Анатомија и физиологија | 540 | 545 | 100 |
| 19 | Граѓанско образование | 360 | 350 | 99 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20 | Практична настава | 216 | 216 | 100 |
| 21 | Производствено тех.образование | 36 | 34 | 94 |
| 22 | Лични услуги и други сектори | 144 | 142 | 98 |
| 23 | Основи на прехранбена технологија | 72 | 69 | 96 |
| 24 | Содржини програмирани од училиштето | 360 | 349 | 97 |

**ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ПО ПРЕДМЕТИ ЗА ВТОРА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2024-2025**

| НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ | | ПЛАНИРАНИ | РЕАЛИЗИРАНИ | % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски јазик и литература | 648 | 466 | 100 |
| 2 | Англиски јазик | 432 | 419 | 97 |
| 3 | Вовед во лабараториско работење | 72 | 70 | 97 |
| 4 | Историја | 432 | 439 | 100 |
